Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ....83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „МЕТОДОЛОГИЈА НА ПЕДАГОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ СО СТАТИСТИКА – СКРИПТА“ ОД АВТОРКАТА Д-Р СНЕЖАНА ЈОВАНОВА-МИТКОВСКА, ДОЦЕНТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип со Одлука бр. 2012- 450/77 од 27.11.2012 година ме определи за рецензент на ракописот на доц. д-р Снежана Јованова -Митковска под наслов „**Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“.**

Изразувајќи благодарност за укажаната доверба, а по проучувањето на ракописот, имам задоволство и чест до Наставно-научниот совет на на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да го поднесам следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци за трудот***

Обем, содржина и структура на делото. Трудот е во обем од 128 страници, структуриран во дваесет делови и библиографија, обработени на концизен начин, со што на студентите и на другите истражувачи и корисници им се обезбедува можност да се запознаат со основните проблеми кои се јавуваат во истражувањата на социјалните, посебно на педагошките феномени. Значи, основната идеја која е проследена во овој ракопис е да се обезбедат основни информации и знаења за методологијата на истражувањето на педагошките појави и на создавањето на знаења од оваа област. На тој начин ракописот добива функција студентите и другите корисници да имаат практичен водич за совладување на тајните на научноистражувачката работа и создавањето на новото знаење.

Содржината на трудот претставува јасна мисловно-логична целина.

**Стуктурата на трудот** е поделена во триесет и четири делови (од кои дваесет и една се посебни целини, а една е поделена на повеќе посебни точки).

Расправата во неа започнува со карактеристиките на научното сознавање, посебно со барањето на одговорите како се доаѓа до него. Потоа интересот е насочен кон одговорот на прашањата за посебноста и специфичностите на методологијата на педагошко истражување и нејзината поврзаност со другите науки. Таквата расправа се отвора преку актуализирањето на поимањето на фактите во педагошките науки, за индикаторите, индексите и за поврзаноста на научните сознанија не само од педагошките, туку и од другите општествени (особено сродни со педагошките) науки.

Во трудот се прави краток осврт на развојот на методологијата на педагошкото истражување во светот и кај нас. Во овој дел посебно се актуализира личноста на истражувачот. Тоа е од особено значење, затоа што истражувачот на педагошките феномени е субјект кој остварува одговорна задача во подигнувањето на младата личност, но и субјект, кој со истатата одговорност придонесува за унапредување и развој на нуачноистражувачката и стручна работа. Токму афирмацијата на значењето на личноста во истражувачкиот процес значи создавање на кадровска основа и одговорни истражувачи кои ќе се вградуваат во создавањето и афирмацијата на научните и стручни резултати.

Разгледувањата во трудот продолжуваат со актуализирање на плурализмот на истражувачките парадигми, посебно на примената на истражувачките постапки поврзани со триангулацијата, методите на научно сознание и на истражувачките пристапи во нив.

Посебен дел во трудот е посветен на етапите и фазите на педагошкото истражување. Во него посебно се актуализирани темите поврзани со проблемот, изборот на проблем и видовите на проблеми во педагошкото истражување. Во овој дел се обезбедуваат информации и знаења за корисниците на овие содржини поврзани со одговорот на прашањата: како се доаѓа до проблемот за истражувањето, како се врши изборот на

проблемот за истражувањето, па до барањето на одговор на прашањето кои се видовите истражувачки проблеми. Составен дел на овој дел од ракописот се и темите поврзани со структурата на проектот како видлив елемент на процесот на проектирањето, односно за предметот на истражувањето, целта на истражувањето, видовите цели, хипотезите, варијаблите на истражувањето, видовите варијабли. Барањето на одговор на овие прашања е насочено кон тоа на студентите и другите корисници да им се нуди можност да ја совладаат стуктурата на проектот и да умеат да воочат, дефинираат, операционализираат и хипотетизираат определен проблем. Логички изложувањето на содржината продолжува преку дебатата за методите во педагошкото истражување. Таа расправа се одвива преку соопштувањето на основните карактеристики на методот на теориската анализа, историскиот, експерименталниот, дескриптивниот и каузалниот метод. Составен дел е и расправата за методските постапки, како што се методот на лични документи (биографски метод, животна историја) и на студија на случај.

Следниот дел е поврзан со дизајнирањето на истражувањето и отворањето на дебатата што е популација и примерок, кои се карактеристиките на примерокот и кои се неговите видови. Расправата е продолжено со дебатата за скалите и скалирањето, при што посебно внимание е посветено на скалите за нумеричко изразување на податоците.

Посебен дел од трудот се техниките и инструментите за собирање на податоци. Тие се актуализираат преку упатувањето со начините на употреба и работа со педагошка документација, со проблемите поврзани со нејзиното оценување и значење во научноистражувачкиот процес.

Во трудот внимание се посветува на постапките за собирање на истражувачки материјал, како што се набљудување, анкетирање, интервјуирање, тестирање, скалирање и социометрија и при тоа, се утврдуваат метриските карактеристики на инструментите за собирање на податоци.

Одговорот на научната и општествената оправданост на истражувањето, обично е определна со расправата за видот на истражувањето. Таа е во тесна врска со предметот и целите. Во овој дел од трудот се расправа за видовите педагошки истражувања и се актуализираат дилемите и дебатите поврзани со проектирањето во педагошкото истражување. Во таа смисла се анализира улогата и функциите на проектот на истражувањето, видови истражувачки проекти, како што се идејниот, студискиот и техничкиот научноистражувачки проект.

Посебен дел на трудот е посветен на анализата на податоците. Тие се актуализираат преку барањето на одговор на прашањето што е тоа статистика, кој е нејзиниот историски развој, па преку нејзината класификација се врши воведување во статистичкиот метод и примената на статистичките постапки. Трудот се занимава со прашањето на средување на податоците, со дистрибуцијата на фреквенцијата, релативните броеви и графичкото прикажување на податоците. Во таа смисла внимание е посветено на аналитичкото значење и примена на статистичките постапки како што се мерките на централната тенденција (аритметичка средина, медијаната и модата), мерките на варијабилитетот (распонот на варијација, просечно отстапување, средно отстапување, варијансата, коефициентот на варијација, стандардната девијација и квартилното отстапување), на корелација и одделни коефициенти (Пирсонов коефициент на корелација, коефициентот на ранг корелација, Фи коефициент и непараметриските проценки).

Примената на анлитичките постапки е актуализирана преку постапката за тестирање на хипотези.

Ракописот завршува со извештајот за реализираното истражување, со неговата етичност, со примената на стандардите за академско пишување, посебно на библиографија, цитирање и парафразирање.

**Оригиналност на трудот.** Ракописот е „скрипта", што упатува на внимателноста и определеноста на авторката д-р Снежана Јованова-Митковска да го гради концепцискиот и теоретски пристап на тудот „Методологија на педагошкото истражување со статистика". Тоа, исто така, укажува на фактот дека во професионалниот и педагошки развој овој млад научен работник го избрал пристапот на постапност и систематичност. Во таа смисла треба да очекуваме наредното издание на овој ракопис да е збогатен со проширени и продлабочени

расправи за теоретско-епистемолошките проблеми на истражувањето на педагошките феномени, посебно за развивањето на аналитички концепти кои ќе излегуваат од рамките на применетите облици на истражувачки дизајни (што несомнено се значајни).

Трудот е изработен во согласност со предметната програма за предметот Методологија на педагошко истражување на Факултетот за образовни науки во Штип. Во неа, како што е изнесено погоре, се обработени основните прашања поврзани со стекнувањето на знаења за научноистражувачката работа во областа на воспитанието и образованието поврзани со истражувачките парадигми, етапите низ кои поминува педагошкото истражување, видовите педагошки истражувања, методи, техники, инструменти кои се применуваат во педагошкото истражување, квантитативната и квалитативна обработка на податоците, извештај од истражувањето.

Истиот има за цел да им овозможи на студентите, наставниицитe, стекнување на т.н. методолошка писменост, компетенција на еден современ наставник кој се залага за постигнување на квалитетна настава и учење, и да претставува нивен вовед во тајните на научноистражувачката работа во областа на воспитанието и образованието.

Во македонскиот високообразовен простор понудата на литература од областа на методологијата е скромна, а за методолошката литература за социјалните појави и скоро да нема. Во таа смисла значаен е придонесот на определен број на автори, како што се Петре Георгиевски, Наталија Мицковиќ и Димитар Мирчев кои актуализираат определени проблеми поврзани со социолошкиот, педагошкиот и политиколошкиот пристап во истражувањата и методологијата на научноистражувачката работа. Но, бројот на изданијата што се занимаваат со методологијата на истражувањето на општествените, психолошките и педагошките феномени можат да се избројат на една рака, тие се поврзани со изданијата на Тодор Пеливанов, Виолета Петровска - Бешка, Ванче Стојчев, Лилјана Баткоска, Наташа Ангеловска - Галевска, Цане Т. Мојаноски и Илија Ацески, кои објавија трудови за истражување на правните, политичките, воените, педагошките, научноистражувачката работа и на безбедносните науки, при што едно издание од безбедносните науки е посветено на истражувачката постапка и едно издание за истражувачкиот дизајн во социолошките истражувања. Но, овој труд е меѓу ретките во областа на педагошките науки.

**Степен на соодветност на текстот со програмата**. Книгата „**Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта**" е наменета како учебна литература за студентите на Факулетот за образовни науки. Изложените содржини соодветствуваат на предметната програма и ќе преставуваат неопходен материјал за совладување на знаењата од предметот Методологија на педагошкото истражување со статитика.

**Методичко-дидактички вредности.** Поаѓајќи од основната намена на трудот може да се констатира дека авторката успеала: прво, содржините што се предмет на обработка се поткрепени со релевантни сознанија со научна литература од соодветната област; второ, избраните содржини се однесуваат на основните, најзначајните основните и практичните прашања за методологијата на педагошкото истражување, односно за теоријата, методите, начинот на собирање и обработка на податоци; трето, сознанијата изнесени во трудот се систематизирани, логички поврзани, прегледни и ја потврдуваат и методичко-дидактичката ориентација на авторката.

***Мислење и предлог***

Врз основа на изложениот преглед и ставови во овој извештај, како рецензент се стекнав уверување дека трудот ракописот „**Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта**" од авторката **д-р Снежана Јованова Митковска** методолошки е коректно изготвен и има своја неоспорна научна - стручна и педагошко-дидактичка вредност, затоа со задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев" Штип му предлагам трудот да го **објави** и **издаде како учебно помагало – скрипта** за предметната програма Методологија на педагошкото истражување на Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**Рецензент**

**Проф. д-р Цане Мојаноски, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА РАКОПИСОТ „МЕТОДОЛОГИЈА НА ПЕДАГОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ СО СТАТИСТИКА“ - СКРИПТА ОД АВТОРКАТА Д-Р СНЕЖАНА ЈОВАНОВА-МИТКОВСКА, ДОЦЕНТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на Одлука бр. 2012- 450/77 од 28.11.2012 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип сум определен за рецензент на ракописот - скрипта на доц. д-р Снежана Јованова-Митковска со наслов „**Методологија на педагошко истражување со статистика**“ и направената стручно-научна квантитативна и квалитативна анализа на истиот, со задоволство го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за трудот***

**Основни квантитативни податоци за ракописот.** Скриптата „*Методологија на педагошко истражување со статистика*“ е во обем од 128 страници. Трудот е структуриран во 34 делови. Авторката на трудот, доцент Јованова-Митковска во создавањето на делото користела 45 извори.

**Основни квалитативни карактеристики на ракописот.** Скриптата „*Методологија на педагошко истражување со статистика*“ е создадена врз основа на предметната програма на предметот Методологија на педагошко истражување со статистика, кој е наменет за студентите од прв циклус на Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Трудот е напишан на стандарден македонски јазик со користење на кирилско писмо.

Целта на трудот е да се оспособат идните наставници да ги проучуваат педагошките појави и состојби врз научни, но и практични основи. Стекнувањето на идните наставнички кадри со истражувачки компетенции, основна методолошка писменост и современ начин на унапредување на педагошката практика се причина повеќе за создавање на еден ваков труд.

Фактички и логички, трудот е поделен на две целини: *методологија на педагошко истражување* и *статистиката во педагогијата*.

Со претставување на основите на науката и научното сознавање, односот на методологијата на педагошкото истражување со другите науки и развојот на методологијата на педагошко истражување, карактеристиките на истражувачот во педагошкото истражување, етапите на педагошкото истражување и развојот на хипотетскиот систем се дел од првата логичка целина. Во истата таа целина, методологија на педагошко истражување, посебно место заземаат методите на педагошко истражување, популацијата и примерокот, но и техниките и инструментите за собирање податоци во истражувањето, за на крајот истата да заврши со проектирањето и проектите во педагошкото истражување и видовите истражувачки проекти.

Во втората логична целина на трудот посебно внимание авторката посветува на разгледување на примената на статистичките постапки во педагошкото истражување, притоа издвојувајќи ги следниве теми: Што е статистика, Историски развој на статистиката, Поделба на статистиката, Средување на податоци, Дистрибуција на фреквенција, Релативни броеви, Графичко претставување на податоците, Мерките на централна тенденција, Мерките на варијабилност, Корелацијата и Непараметриската проценка-хи квадратот.

На крајот од трудот авторката повторно се навраќа на методолошките аспекти на истражувањето и ги елаборира следниве теми: Извештај за реализираното истражување, Етичност во истражувањето и наведувањето на библиографијата, начинот на цитирање и парафразирање во научните дела.

На крајот од скриптата е поместена литературата според азбучен ред. Осумнаесет извори од вкупниот број се од македонско говорно подрачје, додека остатокот се странски извори.

***Критички осврт за трудот***

Проучувањето на ракописот на скриптата „*Методологија на педагошко истражување со статистика*" дава основа за позитивна критика изразени со следниве искази:

- Трудот е соодветен на предметната програма на предметот „*Методологија на педагошко истражување со статистика*" кој е наменет за студентите од прв циклус на Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип;
- Трудот ги исполнува дидактичко-методичките основи потребни за комуникација со студентите;
- Трудот ги следи сите методолошки стандарди за дизајнирање на скрипта за учење на студентите - идни наставници;
- Редоследот на темите обезбедува систематско усвојување на знаења од страна на студентите и создавање на систем од научноистражувачки знаења;
- Трудот ги апстрахира, апострофира и коментира современите теориски сознанија за методологијата на педагошко истражување;
- Делот на статистиката во педагогијата е стручно и соодветно обработен и дава основа за стекнување на корисни и практични знаења во таа сфера од педагошкото истражување;
- Со трудот се збогатува скромната понуда на литература од областа на методологијата на педагошките истражувања и педагошката статистика во Република Македонија;
- Постои оригиналност во изработката на трудот во делот на структурата, редоследот на содржините и елаборацијата на истите.

***Мислење и предлог***

Од прегледот и критичкиот осврт кон скриптата може да се заклучи дека станува збор за труд со стручна и научна вредност, дидактички обликуван за возрасна популација која се оспособува за професијата наставник, насочен кон проучување на педагошката теорија и практика.

Врз основа на изнесеното имам чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" Штип да му предложам ракописот со наслов „**Методологија на педагошко истражување со статистика"** од авторката **доцент д-р Снежана Јованова-Митковска да го објави** и **издаде** како **учебно помагало- скрипта** за предметната програма по предметот Методологија на педагошко истражување на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**Рецензент**

**Проф. д-р Деан Илиев, с.р.**